# Регулатива за спроведување (ЕУ) 2023/1495 на Советот од 20 јули 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни прекршувања и злоупотреби на човековите права

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

земајќи го предвид Договорот за Европската Унија,

Земајќи ја предвид Одлуката на Советот (EU) 2020/1998 од 7 декември 2020 г. за рестриктивните мерки против сериозно прекршување и повреда на човековите права[(1)](1), а особено член 14(4),

земајќи го предвид предлогот од Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и

безбедносна политика, каде што:

(1) Во Изјавата од Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, во името на Европската Унија, за глобалниот режим на санкции на ЕУ за непочитување на човековите права од 8 декември 2020 г., Унијата и нејзините земји-членки повторно ја потврдија својата голема посветеност на промовирање и заштита на човековите права низ светот. Глобалниот режим на санкции на ЕУ за непочитување на човековите права ја нагласува одлучноста на Унијата да ја зајакне својата улога во борба против тешките кршења и повреда на човековите права низ светот. Стратегиска цел на Унијата е остварување на вистинско уживање на човековите права. Основната вредност на Унијата и нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика е почитување на човечкото достоинство, слобода, демократија, еднаквост, владеење на правото и човековите права.

(2) Унијата изразува загриженост поради постојаното влошување на ситуацијата со човековите права во Русија. Поради неоправданата и непредизвикана војна на Русија против Украина, внатрешната репресија во Русија се зголеми, при што драстично се ограничи слободата на мислење и изразување, како и слободата на медиумите и се воведе воена цензура.

(3) Унијата и понатаму строго ги осудува големото ширење на рестриктивното законодавство и систематската репресија против цивилното општество и борците за човекови права, како и репресијата врз независните медиуми, индивидуални новинари, членови на политичка опозиција и други критичари.

(4) Унијата остро ја осудува политички мотивираната пресуда на судот во Москва со која опозицискиот политичар, демократски активист и отворен критичар на Крим, Алексеј Навални е осуден на две и пол години затвор, а казната беше продолжена на уште девет години.

(5) Унијата остро ја осудува политички мотивираната пресуда на судот во Москва со која опозицискиот политичар, демократски активист и отворен критичар на Крим, Владимир Кара-Мурза е осуден на 25 години затвор.

(6) Унијата ја повикува Русија веднаш и безусловно да ги ослободи сите лица кои се затворени врз основа на политички мотивирани обвиненија.

(7) Во тој контекст, 12 лица и пет субјекти треба да се вклучат во списокот на физички и правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивните мерки во Прилогот I од Одлуката (EU) 2020/1998.

(8) Прилогот I од Регулативата (EU) 2020/1998 затоа би требало да се измени на соодветен начин,

[(1)](1) OJ L 410 I, 7.12.2020 г., стр. 1.

ЈА УСВОИ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Прилогот од Регулативата (EU) 2020/1998 се менува како што е утврдено во Прилогот од оваа Регулатива.

*Член 2*

*Оваа РЕГУЛАТИВИА ќе влезе во сила од денот на објава во Службениот весник на Европската Унија.*

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки.

Составено во Брисел, 20 јули 2023 г.

*За Советот*
*Претседател*
Ж. БОРЕЛ ФОНТЕЛЕС

---

Прилогот I од Регулативата (EU) 2020/1998 се менува на соодветениот начин:

*ПРИЛОГ*

(1) во следниот список се додадени на списокот на физички лица наведен во делот А („Физички лица“):

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| ‘45. | Oleg Anatolyevich BARANOV<br>(Олег Анатолиевич БАРАНОВ) | Олег Анатольевич БАРАНОВ<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Раководител на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва; генерал полковник во полиција<br>Датум на раѓање: 16.3.1969 г.<br>Место на раѓање: Потсдам, Германија<br>Државјанство: Руско<br>Пол: машки<br>Поврзани субјекти:<br>Главна управа за внатрешни работи на градот Москва<br>Центар за борба против екстремизмот;<br>Оддел за информатички технологии на градот Москва;<br>Ntechlab;<br>Tevian | Олег Баранов е раководител на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва. Во тоа својство, тој ги надгледува полициските сили, криминалистичките истражители, објектите за притвор, Центарот за борба против екстремизмот и други единици во Москва задолжени за казнен прогон.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва под негова команда надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Исто така, ги прогонуваше и притвори воените резервисти кои настојуваа да ја избегнат мобилизацијата за учество во агресивната војна на Русија против Украина. За таа цел, во Москва се користеше системот за препознавање лица како средство на репресија.<br>Поради тоа, Олег Баранов е одговорен за сериозно кршење на човековите права во Русија, вклучувајќи произволни апсења или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 46. | Eduard AnatolyevichLYSENKO<br>(Едуард Анатолјевич ЛИСЕНКО) | Эдуард Анатольевич ЛЫСЕНКО<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Министер во Владата на Москва; раководител на Оддел за информатички технологии на градот Москва<br>Датум на раѓање: 22.1.1975 г.<br>Место на раѓање: Јарославл, Руска СФСР (сега Руска Федерација)<br>Државјанство: Руско<br>Пол: машки<br>Поврзани поединци:<br>Наталиа Сергунина<br>Поврзани субјекти:<br>Оддел за информатички технологии на градот Москва;<br>Главна управа за внатрешни работи на градот Москва | Едуард Лисенко е министер во Владата на Москва и раководител на Оддел за информатички технологии на градот Москва.<br>Оддел за информатички технологии на градот Москва го развива и користи системот за препознавање лица во Москва. Со него се пренесуваат податоци од системот за препознавање  лица до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го кроистела системот за препознавање лица во Москва како средство за репресија, особено за надгледување и произволно притворање на независни новинари и опозициски активисти кои учествувале во мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина.<br>Поради тоа, Едуард Лисенко е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 47. | Natalia Alekseevna SERGUNINA<br>(Наталија Алексеевна СЕРГУНИНА) | Наталья Алексеевна СЕРГУНИНА<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Заменик-градоначалник во Владата на Москва; Раководител на канцеларијата на градоначалникот и Владата на Москва<br>Датум на раѓање: 22.8.1978 г.<br>Место на раѓање: Москва, Руска СФСР (сега Руска Федерација)<br>Националност: Руско<br>Пол: женски<br>Адреса: (Канцеларија) Вознесенски переулок, 22, 125009 Москва, Руска Федерација<br>Поврзани поединци:<br>Едуард Лисенко<br>Поврзани субјекти:<br>Оддел за информатички технологии на градот Москва;<br>Главна управа за внатрешни работи на градот Москва;<br>Други идентификациски податоци: Тел.: +74956298447 (канцеларија) | Наталија Сергунина е заменик-градоначалник на Москва. Одделот за информатички технологии на градот Москва, кој е во нејзина надлежност, го развива и користи системот за препознавање лица во Москва. Со него се пренесуваат податоци од системот за препознавање лица до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го користела системот за препознавање лица во Москва како средство за репресија, особено за надгледување и произволно притворање на независни новинари и опозициски активисти кои учествувале во мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина.<br>Поради тоа, Наталија Сергунина е одговорна за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 48. | Dmitry YurievichNOZHKIN<br>(Дмитри Јуриевич Ножкин) | Дмитрий Юрьевич НОЖКИН<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Раководител на затворот ИК-6 во Владимирската област<br>Датум на раѓање: 3.7.1981 г.<br>Адреса: Ул. Суздалскаја, 2, 118, Владимир, Владимирска Област, Русија 600009<br>Единствен даночен број: 583520944622 | Дмитри Ножкин е раководител на казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите на управување на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Дмитри Ножкин сноси непосредна одговорност како раководител на установата.<br>Поради тоа, Дмитри Ножкин е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |
| 49. | Yuri Alexandrovich FOMIN<br>(Јури Александрович ФОМИН) | Юрий<br>Александрович<br>ФОМИН<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Заменик раководител на: затворот ИК-6 во<br>Владимирската област<br>28.8.1986 г.<br>Адреса: Ул. Комсомолскаја 95/2, 13, Ковров, Владимирски регион, Русија, 601914 | Јури Фомин е заменик раководител на казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите на управување на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Јури Фомин сноси непосредна одговорност како заменик раководител на установата.<br>Поради тоа, Јури Фомин е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 50. | Danila AndreevichSINYUKHIN (Данила Андреевич СИНЈУХИН) | Данила Андреевич СИНЮХИН (руски начин на пишување) | Функција(и): Заменик раководител на: затворот ИК-6 во Владимирската област<br>8.8.1990 г.<br>Адреса: Ул. Народнаја 8, 91, Владимир, Владимирски регион, Русија, 600026 | Данила Синјухин е заменик раководител на казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите на управување на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Данила Синјухин сноси непосредна одговорност како заменик раководител на установата.<br>Поради тоа, Данила Синјухин е одговорна за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |
| 51. | Anatoly AlekseevichGORSHKOV (Анатолиј Алексеевич ГОРШКОВ) | Анатолий Алексеевич ГОРШКОВ (руски начин на пишување) | Функција(и): Заменик раководител на: затворот ИК-6 во Владимирската област<br>6.5.1984 г.<br>Адреса: Ул. Сергеј Лазо 4/1, 75, Ковров, Владимирски регион, Русија, 601911 | Анатолиј Горшков е заменик раководител на казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите на управување на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Анатолиј Горшков сноси непосредна одговорност како заменик раководител на установата.<br>Поради тоа, Анатолиј Горшков е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 52. | Dmitry IvanovichMAKORIN<br>(Дмитри Иванович МАКОРИН) | Дмитрий<br>Иванович<br>МАКОРИН<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Заменик раководител на: затворот ИК-6 во<br>Владимирската област<br>23.6.1984 г.<br>Адреса: Дачни проезд, 3, апт. 3, Мелехово, Владимирски регион, Русија | Дмитри Макорин е заменик раководител на казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите на управување на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Дмитри Макорин сноси непосредна одговорност како заменик раководител на установата.<br>Поради тоа, Дмитри Макорин е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |
| 53. | Mikhail AlekseevichNEIMOVICH<br>(Михаил Алексеевич НЕИМОВИЧ) | Михаил Алексеевич НЕИМОВИЧ<br>(руски начин на пишување) | Функција(и): Потполковник во затворот ИК-6 во Владимирската област<br>Датум на раѓање: 25.11.1997 г.<br>Адреса: Ул. Муромскаја 9, 22, Ковров, Владимирски регион, Русија, 601909 | Михаил Неимович е потполковник на Сојузната затворска служба во казнената колонија ИК-6 во Мелекхово, Владимирска област, каде што престојува рускиот опозициски лидер Алексеј Навални од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите што ги користи раководството на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Михаил Неимович сноси непосредна одговорност.<br>Поради тоа, Михаил Неимович е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата на размислување и изразување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 54. | Alexey IvanovichGIRICHEV (Алексеј Иванович ГИРИЧЕВ) | Алексей Иванович ГИРИЧЕВ (руски начин на пишување) | Функција(и): (Поранешен) Регионален раководител на ФСИН во Владимирската област (Сојузна затворска служба) до март 2023 г.<br>Сегашен заменик раководител на ФСИН<br>Датум на раѓање: 3.8.1975 г.<br>Место на раѓање: Калач, Калачејевски дистрикт, Воронеж област, Руски СФСР (сега Руска Федерација)<br>Адреса: (Претходно) ул. Зое Космодемјанскаја 5 Корпс 1, 95, Ковров, Владимирска област, Русија 601911<br>Единствен даночен број: 382101379684 | Алексеј Гиричев е заменик раководител на Сојузната затворска служба (ФСИН); во која се наоѓа рускиот политички опозициски лидер Алексеј Навални, затворен од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите што ги користи раководството на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нечовечна и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Алексеј Гиричев сноси непосредна одговорност како заменик раководител на ФСИН.<br>Поради тоа, Алексеј Гиричев е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи измачување и друг суров, нехуман или понижувачки третман или казна, и произволно апсење или притвори. | 20.7.2023 г. |
| 55. | Arkady Alexandrovich GOSTEV (Аркадиј Александрович ГОСТЕВ) | Аркадий Александрович ГОСТЕВ (руски начин на пишување) | Функција(и): Управител на ФСИН (поранешен заменик министер за внатрешни работи, до 2021 г.)<br>Датум на раѓање: 11.2.1961 г.<br>Место на раѓање: Шатски дистрикт, Риазан регион, Руски СФСР (сега Руска Федерација)<br>Адреса: Иокачевского 92-12, Москва, 117453<br>Број на пасош: 620120675 | Аркадиј Гостев е раководител на Сојузната затворска служба (ФСИН), во која се наоѓа рускиот политички опозициски лидер Алексеј Навални, затворен од изрекувањето на пресудата во март 2022 г.<br>Навални од август 2022 г. во неколку наврати беше подлегнат на престој во самица повеќе од 100 дена, што придонесе за нагло влошување на неговото здравје. Методите што ги користи раководството на колонијата (меѓу другите користени ултрасветли ЛЕД светилки) претставуваат сурова, нехумана и понижувачка казна во казнената колонија ИК-6, за што Аркадиј Гостев сноси непосредна одговорност како раководител на ФСИН.<br>Поради тоа, Аркадиј Гостев е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи измачување и друг суров, нехуман или понижувачки третман или казна, и произволно апсење или притвори. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 56. | Alexander AlexandrovichSAMOFAL (Александр Александрович САМОФАЛ) | Александар Александрович САМОФАЛ (руски начин на пишување) | Функција(и): Агент на Сојузната безбедносна служба на Руската Федерација<br>Датум на раѓање: 23.8.1981 г.<br>Место на раѓање: Москва, Руска СФСР (сега Руска Федерација)<br>Адреса: (Претходно) Милитари јунит 2568, ФСБ Бордер сервис академи, Голитсино, Руска Федерација | Александр Самофал е службеник на Сојузната безбедносна служба на Руската Федерација (FSB). Во тоа својство, тој лично учествувал во операцијата на ФСБ чија цел била да се изврши атентат на водечкото лицена руската опозиција, Владимир Кара-Мурза со употреба на невротоксин. Речиси смртоносното труење сериозно го нарушило здравјето на Кара-Мурза, што негативно се одрази на неговата физичка состојба.<br>Кара-Мурз е истакнат опозициски активист во Русија. Во 2022 г. против него се покренети политички мотивирани судски постапки, базирани врз лажни обвиненија, откако тој го обвини Кремљ за извршување на воени злосторства во Украина и откако јавно ја осуди руската агресија. Во април 2023 г. тој беше осуден на 25 години затвор/работен логор со голема безбедност. Судската постапка против него беше насочена кон неговиот активизам и послужи како режиран судски процес во Русија за да се замолчат критичарите на владејачкиот режим кои се противат на агресивната војна против Украина.<br>Поради тоа, Александр Самофал е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права, вклучувајќи измачување и друг суров, нехуман или понижувачки третман или казна. | 20.7.2023 г.’ |

(2) во листата на правни лица, субјекти и тела утврдени во дел Б („Правни лица, субјекти и тела“), е додадено следното:

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| ‘16. | Main Directorate of Internal Affairs of the City of Moscow (Главна управа за внатрешни работи на градот Москва) | Главное Управление Внутренних дел по городу Москве (руски начин на пишување) | Адреса: 127994, Москва, ул. Петровка 38, Русија<br>Телефон: +8 (495) 694-92- 29<br>Веб-страница: https://77.xn– b1aew.xn–p1ai/ | Главната управа за внатрешни работи на градот Москва се состои од полициски сили, криминалистички истражители, објекти за притвор, Центар за борба против екстремизмот и други единици во Москва задолжени за казнен прогон. На нејзино чело се наоѓа Олег Баранов.<br>Таа надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Исто така, ги прогонуваше и ги притвори воените резервисти кои настојуваа да ја избегнат мобилизацијата за учество во агресивната војна на Русија против Украина. За таа цел, во Москва се користеше системот за препознавање лица како средство на репресија.<br>Поради тоа, одговорна е за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |
| 17. | Department of Information Technologies of the City of Moscow (Оддел за информатички технологии на градот Москва) | Департамент Информационных Технологий города Москвы (руски начин на пишување) | Адреса: (Правна) Русија, 123100 Москва, 1-И Красногвардејскиј произед, 21 блд 1; (Реална) Русија, 105064 Москва Јаковоапостолскиј переулок, 12ц1<br>Телефон: +7 (495) 957-01- 31<br>Факс: +7 (495 ) 957-75-42<br>Е-пошта: dit@mos.ru<br>Веб-страница: https://www.mos.ru/ dit/ | Оддел за информатички технологии на градот Москва го развива и користи системот за препознавање лица во Москва. Со него се пренесуваат податоци од системот за препознавање лица до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го примени системот за препознавања лица во Москва како средство за репресија. Таа надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Поради тоа, Одделот за информатички технологии на градот Москва е одговорен за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | |
| 18. | Ntechlab | Нтехлаб<br>(руски начин на пишување) | Адреса: 127055, Русија, Москва, ул. Новолеснаја 2, прем. 1/3 (БЦ „Бригантина хол“)<br>Телефон: +7 (499) 110-22- 54<br>Е-пошта: Email:<br>info@ntechlab.ru Website:<br>https://ntechlab.ru/ | NtechLab е руска технолошка компанија за препознавање лица. Соработувал со Одделот за информатички технологии на градот Москва во развојот на системот за препознавање лица во Москва. Податоците од системот за препознавање се пренесуваат до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го примени системот за препознавања лица во Москва како средство за репресија. Таа надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина.<br>Поради тоа, NtechLab е одговорна за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Tevian<br><br>односно Tekhnologii Videoanaliza LLC | ООО Технологии видеоанализа<br><br>(руски начин на пишување) | Адреса: (Правна) 119634 Москва, ул. Скулптора мујхина 7, 1. Кат, II, соба 2Б, Русија; (канцеларија), Москва, ул. Ефренова 10, зграда 2, канцеларија 11, Русија<br><br>Телефон: +7 (917) 531-86- 41<br><br>Веб-страница:<br><br>https://tevian.ai Е-пошта:<br><br>info@tevian.ru;<br><br>support@tevian.ai | Tevian е руска технолошка компанија за препознавање лица. Соработувал со Одделот за информатички технологии на градот Москва во развојот на системот за препознавање лица во Москва. Податоците од системот за препознавање се пренесуваат до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br><br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го примени системот за препознавања лица во Москва како средство за репресија. Таа надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина.<br><br>Поради тоа, Tevian е одговорна за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г. |

| | Имиња (транслитерација на латинично писмо) | Имиња | Идентификациски податоци | Причина за попис | Датум на попис |
|---|---|---|---|---|---|
| 20. | JSC Elektronnaya Moskva<br>(ЈСЦ Електронаја Москва) | АО “Электронная Москва”<br>(руски начин на пишување) | Адреса:<br>(Реална) 105064, Москва, Низхни Сусални переулок, зграда 5, зграда 19, кат а1, соба X, соба 1<br>(Реална) 105064, Москва, Низхни Сусални леин, зграда 5, зграда 19, кат а1, соба X, соба 1<br>(Поштенска) 107078, Москва, П фах. 185<br>Телефон: +7 (495) 988- 2270<br>Е-пошта: e-moskva@e-moskva. ru<br>Веб-страница: https://www.e-moskva.ru/<br>ЕДБ бр. 7707314029 | Електронаја Москва е информатичка компанија утврдена од Владата на Москва. Таа организираше тендери за набавка на софтвер за препознавање лица, кој подоцна се користеше во имплементацијата на системот за препознавање лица во Москва.<br>Системот за препознавање лица во Москва е развиен и се користи од Одделпт за информатички технологии на градот Москва. Податоците од системот за препознавање се пренесуваат до единиците за казнен прогон на Главната управа за внатрешни работи на градот Москва.<br>Главната управа за внатрешни работи на градот Москва го примени системот за препознавања лица во Москва како средство за репресија. Таа надгледувала и произволно приведувала независни новинари и опозициски активисти кои учествувале на мирните протести за поддршка на Алексеј Навални, против корупцијата на владата на Русија и инвазијата на Русија врз Украина. Системот за препознавање лица, исто така, се користел и во Главната управа за внатрешни работи на градот Москва за да се следат и притворат резервистите кои сакале да ја избегнат мобилизацијата за агресивната војна на Русија против Украина.<br>Поради тоа, Elektronnaya Moskva е одговорна за сериозни прекршувања на човековите права во Русија, вклучувајќи произволно апсење или притвори, и кршење или повреда на слободата за мирно собирање и здружување. | 20.7.2023 г.’ |

II

*(Non-legislative acts)*

# REGULATIONS

## COUNCIL IMPLEMENTING REGULATION (EU) 2023/1495

**of 20 July 2023**

**implementing Regulation (EU) 2020/1998 concerning restrictive measures against serious human rights violations and abuses**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on the Functioning of the European Union,

Having regard to Council Regulation (EU) 2020/1998 of 7 December 2020 concerning restrictive measures against serious human rights violations and abuses ([1]), and in particular Article 14(4) thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 8 December 2020, in the Declaration by the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy, on behalf of the European Union, regarding the EU Global Human Rights Sanctions Regime, the Union and its Member States reaffirmed their strong commitment to the promotion and protection of human rights around the world. The EU Global Human Rights Sanctions Regime underscores the Union's determination to enhance its role in addressing serious human rights violations and abuses worldwide. Achieving the effective enjoyment of human rights by everyone is a strategic goal of the Union. Respect for human dignity, freedom, democracy, equality, the rule of law and human rights is a fundamental value of the Union and its common foreign and security policy.

(2) The Union is concerned about the continuing deterioration of the human rights situation in Russia. Russia's unjustified and unprovoked war of aggression against Ukraine has amplified internal repression in Russia, drastically limiting the freedom of opinion and expression and media freedom and introducing war censorship.

(3) The Union continues to strongly condemn the severe expansion of restrictive legislation and systematic repression against civil society and human rights defenders, as well as the unabated crackdown on independent media, individual journalists, political opposition members and other critical voices.

